**Финален извештај од извршен редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк**

**-согласно член 37 ств (8) од Закон за инспекциски надзор во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) –**

**(14.06.2024 год.)**

Доо Леарница за алуминиум и цинк е субјект со дејност 25.21 –производство на радијатори и котли за централно греење кој согласно член 122 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) а, во врска со **Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** ( „Сл.весник на РМ„ бр.89/2005) **Прилог 2, точка 2.3** од страна на Оштина Ресен му е издадена Б-интегрирана еколошка дозвола.

Општина Ресен како надлежен орган има издадено Б-интегрирана еколошка дозвола за субјектот на ден 19.02.2016 год. со број 18-248/4. Согласно член 126 став (8) од Закон за животна средина на ден 01.06.2023 год. Општина Ресен издава нова Б-интегрирана еколошка дозвола , бр. УП-1-18-2.

Субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк согласно Закон за животна средина подлежи на редовен инспекциски надзор од страна на општинскиот инспектор за животна средина.

На ден 27.03.2024 год. од страна на општинскиот инспектор за животна средина Андријана Георгиевска Зебековска со број на легитимација **28-0002** извршен е редовен инспекциски надзор во субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк. Надзорот се изврше по предходно доставено известување за вршење на редовен надзор со листа за проверка согласно член 69 ставови (2) и (3) и член 70 од Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ„ бр.102/19).

Надзорот е извршен во присуство на лицата Митко Секуловски-упавител и Илија Попаѓоски-технички директор.

**Редовниот инспекциски надзор се изврше согласно следнава листа за проверка предходно доставена до субјектот:**

**-Закон за животна средина:**
Надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола –дали се почитуваат условите наведени во дозволата;

**-Закон за управување со отпадот:**
1. Дневник за евиденција за постапување со отпад;
2. Годишен извештај за постапување со отпад согласно **Правилник** („Сл.весник на РМ„ бр,7/2006 год.);
5. Постапување со отпадни масла-машински (евиденција,транспортен формулар, идентификационен);
6. Договори со соодветни субјекти за постапување со видовите отпад и отпадните масла;
7. Надзор над складираните видови на отпад.

**-Закон за води;**
1.Дозвола за испуштање на отпадни води;
2. Надзор над постапувањето со отпадните води кои се генерираат од субјектот (од сите погони)
3. Извршено мерење на квалитетот на отпадна вода што се испушта од технолошки процес.
4. постапување со фекални води од санитарни чворови.
5.дозволаза црпење на подземни води за технолошки потреби

**-Закон за квалитет на амбиентниот воздух**
1. Надзор над емисии во воздух

За извршениот редовен инспекциски надзор составен е записник и согласно член 82 став (3) и (4) од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ„ бр.102/2019) записникот ИП-1-22-18 од 29.03.2024 год. беше доставен на потпишување до субјектот на надзор. На ден 03.04.2024 год. записникот потпишан, без забелешки вратен е до општинскиот инспектор за животна средина.

По извршениот редовен надзор согласно член 37 став (5) и став (6) од Закон за инспекција во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) се составе **предлог извештај** кој на ден 06.06.се доставе до субјектот за потпишување. Од страна на субјектот предлог извештајот беше прифатен без забелешки.

Согласно член 37 став (8) од Закон за инспекциски надзор во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) се изработе следниов **финален извештај од извршен редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк**

Доо леарница за алуминиум и цинк:

- Седиште во Ресен на ул.„Димитар Влахов„ бр.6, м.в Доброво, КП бр.2836
- ЕДБ -------------
- ЕМБС ________
- Главна дејност 25.21- производство на радијатори и котли за централно греење
-

Производството во субјектот подразбира леење на делови од алуминиумска и цинкова легура. Основни суровини се алуминиумска легура и цинкова легура која поретко се користи. Нејзиниот проектиран капцитет инесува 350 т/год. Постапката на производство се состои од следниве процеси: топење, леење, кршење, брусење, вибрирање , преглед и пакување на готовиот производ. Согласно наведените постапки на производство од субјектот се генерираат следниве видови на отпад: отпадно хидраулично масло (130113) , шљака-згура (100316) , алуминиумска прашина (120104) и стврднат метал од леарските лонци. Доколку во него количината на алуминиум е голема тогаш истите се претопуваат во спротивно завршуваат во шљаката-згурата. Од постапката на брусење се добива брусена хартија која завршува во комуналниот отпад и брусен камен кој завршува во метален сандак до превземање од соодветен субјект. Други видови на отпад се : старо железо (170405), отпадна пластика (200139), хартија (150101) ,истрошени огноотпорни бетонски тули од печката . За видовите отпад наведени погоре за нивно собирање и транспорт субјектот има склучено договори со соодветни субјекти. За количините на отпад се води Дневник за евиденција за постапување со отпад и согласно истиот изработен е Извештај за постапување со отпад од правни лица и доставен е до Стручен Орган при Министерство за животна средина и просторно планирање. Дневникот и извештајот се пополнуваат согласно **Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад („Сл.весник на РМ„ бр.7/06).** Во моментот на надзорот извршен на ден 27.03.2024 год. во фабриката се одвиваа градежни работи при што беше оневозможен пристап до целиот простор во кој се одвива производство и констатирање на фактичката состјба особено за постапувањето со видовите отпад и нивно чување. Во тој момент се зедоа во предвид изјавите на техничкиот директор дека во рамки на инсталацијата постои засебен простор во кој соодветно обележани се чуваат видовите отпад меѓу кои и отпадното хидраулично масло. На ден 25.03.2022 год. извршено е предавање на количина од 200 литри отпадно хидраулично масло за што приложен е договор со субјектот и транспортен формулар. Во листата на отпад се наведува и муљ од септичката јама. За нејзино чистење склучен е договор со соодветен субјект. Септичката јама последно е исчистена во 2022 год. за што е приложен транспортен формулар.

Од субјектот емисии во воздух нема бидејќи греењето е на струја а, и во процесот на производство се користат електоротпорни печки кои работаат на струја.

Фекалните води се собираат во септичка јама како што е погоре наведено бидејќи во тој дел од градот нема изградено канализационен систем. Додека пак отпадните води од технолошки процес се собираат во таложник и после нивно пречистување се испуштаат во канал кој ги носи до природниот реципиент реката „ Голема Река„ Субјектот располага со **Дозвола за испуштање на пречистени отпадни води во природен реципиент** издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање. Дозволата е издадена на 12.06.2014

год. и истата е со број 11-1634/2. Дозволата е обезбедена врз основа на решение донесено на ден 24.09.2013 год. од страна на инспекторот за животна средина на Општина Ресен со кое субјектот Доо Леарница за алуминиум и ициник беше задолжен да ја спреми потребната документација и да ја достави до Управата за води при Министерство за животна средина и прострно планирање со цел добивање на наведената дозвола. Согласно условите наведени во Б-интегрираната еколошка дозвола кои се однесуваат на мониторинг на отпадни води, субјектот два пати годишно прави испитување на квалитетот на отпадните води од страна на акредитирана лабораторија од испуст пред истите да бидат испуштени во природен реципиент. Испитувањето се врши согласно *Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони („Сл.весник на РМ„ бр.81/2011) за испуштање во површински води.* Последно испитување е извршено на 14.03.2024 год. и согласно извештајот нема надминување на граничните вредности на измерените параметри. Со вода субјектот се снабдува од бунар т.е користи подземни води за технолошки потреби. Бунарот се наоѓа на КП бр.2836, м.в Доброво. Врз основа на решение донесено на ден 27.02.2023 год. од страна на инспекторот за животна средина на Општина Ресен субјектот беше задолжен да ја спрема потребната документација и да ја достави до Управата за води при Министерство за животна средина и просторно планирање со цел добивање на дозвола за црпење на подземни води за технолошки потреби. Министерството за животна средина и просторно планирање ја издава наведената дозвола со број УП1-11/5-1396/2023 на ден 02.01.2024 год.

Со оглед на фактот да при вршење на редовниот надзор не беше овозможен пристап во целиот круг на инсталацијата поготово во прсторот каде се чуваат видовите отпад од страна на инспекторот за животна средина на Општина Ресен по извршениот редовен надзор на ден 08.04.2024 год. донесе Решение со опомена. Со решението согласно член 79 и член 83 став (1) од Закон за инсекциски надзор („Сл.весник на РСМ„ бр.102/2019) субјектот се опомена да во рок од 30 (триесет) дена од прием на решението да овозможи пристап до технолошкиот и производствениот процес и просторот за чување на отпад.

По истекот на рокот на наведеното решение се продолже редовниот увид,секако и контролен надозр во субјектот. Надзорот се изврше на ден 13.05.2024 год.и повторно се составе записник.

Согласно овој надзор се констатира дека субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк овозможе пристап во целата инсталација и има засебен уреден затворен простор во кој се чуваат видовите отпад, собрани во соодветни садови и видно обележани. Во посебен простор на бетонска подлога се чува и отпадното хидраулично масло, имено во две метални буриња видно обележани и до нив има пилевина во случај да има истекување на масло од истите.

Во Програма за подобрување што е составен дел од содржината на Б-интегрираната еколошка дозвола субјектот има наведено превземање на три мерки со наведена дата кога истите би се спровеле:

| | **Мерка** | **Дата на завршување** |
|---|---|---|
| | Уредување на просторот за одлагање на отпадни масла | Декември 2023 година |
| | Организирање на програми за едукација, обуки теоретски и практични | Декември 2024 година |
| | Обезбедување на дозвола за користење на вода од бунар | Зависно од МЖСПП, штом биде издадена дозволата веднаш ќе го известат надлежниот орган, односно Општина Ресен |

Врз основа на увидот на лице место се констатира дека од мерките наведени во табелата спроведени се првата и третата мерка во предвидениот рок додека пак за спроведување на втората мерка рокот е декември 2024 год.

Согласно член 31 став (10) од Закон за инспекција во животната средина („Сл.весник на РСМ,, бр.99/2022) инспекторот ја запира постапката со констатација

Дека неправилнсоти не се констатирани и субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк дејноста ја извршува со почитување на постоечката законска регулатива.

Општински инспектор за животна средина

Андријана Георгиевска Зебековска